ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

До
Општина Млава Р. Полска
Славомир Ковалевски
Градоначалник на Млава

Почитуван Градоначалник Ковалевски,

По завршување на прекрасно организираниот настан "5-та Реконструкција на битката на Малва" дозволете ми да ја изразам благодарноста за гостопримството за време на нашата посета на општина Млава 30 Август – 4 Септември 2012 година.

Оваа посета претставува уште еден доказ дека под закрила на склучениот договор, соработката помеѓу нашите два града се продлабочува и ја презентира взаемната подготвеност за јакнење на односите на пријателство и искористување на можностите за продлабочување на соработката во сите сфери од взаемен интерес особено на планот на заедничко настапување пред Европските фондови.

Исто така Ви се заблагодаруваме за топлиот прием кој го организиравте во Вашата општина како и за можноста за остварување на контакти и со останатите делегации кои беа присутни на настанот.

Ве молам пренесете ја мојата благодарност до Ms.Katarzyna Kaszuba и Mr Krzysztof Jaros како и до останатата Ваша општинска администрација, бидејќи направивте посетата на вашата општина да биде настан за паметење.

Воедно со ова писмо уште еднаш сакаме да укажеме дека би ни било посебна чест да и Вие со Ваша делегација во блиска иднина ја посетите нашата општина Крива Паланка, Р. Македонија.

Со почит.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Арсенчо Алексовски**